Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 21-938/1
10-04-2025 20
Скопје/Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| Одговорно лице и контакт информации: | Александра Цветановска, посебен советник на министер acvetanovska@justice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго/ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 21. 11.2024 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ____________ 2025 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за | ____________ 2025 година |

| | |
|---|---|
| информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | ______________ 2025 година |

1. Опис на состојбите во обласга и дефинирање на проблемот

*1.1 Опис на состојбите*

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите.

Во однос на праксата на постапувањето односно временската рамка во однос на решавањето на постапките, се појави потреба од измени во насока на скратувањето на роковите за постапувањето по барањето од страна на имателите како и од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со цел ефикасна постапка, како и формата на доставените информации и обврската на имателите за ажурно објавување на информации. Дефинирањето на термините односно појаснување на тест за штетност, со предложените измени тест за јавен интерес, обврската во однос на објавувањето на листата на имателите на информации, дополнување во однос на пристапот до податоци што се однесуваат на животната средина и јавното здравје како и информации за преземени активности за надзор над спроведувањето на законите.

Со цел приближување на законодавството до европските стандарди, на 12-та седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 13 август 2024 година, се донесе Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи (Службен весник на РСМ бр.170/2024) и се наметна потребата да се донесат измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со цел усогласување со конвенцијата. Конвенција на Советот на Европа за пристап до официјални документи (CETS бр. 205), наречена Тромсо конвенција е донесена на 18 јуни 2009 година во Тромсо, Норвешка, а стапува на сила на 1 декември 2020 година.

## *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Постојните законски одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е потребно да се подобрат во насока за полесен пристап до документи на јавните органи кои ги поседуваат документите (имателите), како и за побрза и ефикасна постапка кон барателите на тие документи како што е опишано и во Преамбулата од Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи:

Со оглед на важноста на транспарентност на јавните власти во едно плуралистичко, демократско општество, а имајќи предвид дека остварувањето на правото на пристап до официјални документи:

I. обезбедува извор на информации за јавноста;
II. ѝ помага на јавноста да формира мислење за состојбата на општеството и за јавните власти;
III. го поттикнува интегритетот, ефикасноста, ефективноста и одговорноста на јавните власти, помагајќи да се потврди нивната легитимност;

## 2. *Цели на предлог регулативата*

1. Усогласување на текстот на законот со Конвенцијата за пристап до официјални документи на Советот на Европа – Тромсо, унапредување на ефикасноста на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер како и зајакнување на одговорноста на имателите на информации од јавен карактер.

2. Унапредување на правото на пристап до официјални документи без дискриминација и без оглед на статусот или мотивите на барателот при неговото барање за пристап до информации од јавен карактер.

## 3. *Можни решенија (опции)*

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Доколку не се донесат соодветни измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, примената на прописите ќе остане непроменета и идентификуваните причини за проблемите ќе останат, а со тоа нема да се подобри ефикасноста на постапката и обврската на имателите за ажурноста на објавувањето на информациите од јавен карактер.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Регулаторна мерка: Да се донесат измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со одредби за воведување механизам со кој институциите во Република Северна Македонија ќе можат да обезбедат правична и брза постапка на барањата за пристап до официјалните документи од страна на јавните органи кои ги поседуваат тие информациите, како и механизмите во случај на непостапување на истите во согласност со законите.

## *4. Проценка на влијанијата на регулативата*

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

*Опција „не прави ништо“:* нема негативно влијание поради тоа што пристапот до информација од јавен карактер е бесплатен и достапен за секој барател.

Опција Регулаторна мерка: Има посредно позитивно влијание што произлегува од оценки за усогласеност на законодавството со меѓународните стандарди во областа.

### *4.2 Фискални влијанија*

*Опција „не прави ништо“: Нема фискални влијанија*

Опција Регулаторна мерка: обуки на службени лица, одговорни лица и раководни лица кај имателите за кои трошоците за обуката ќе бидат во износ на реалните трошоци потребни за организирање и спроведување на истата.

### *4.3 Социјални влијанија*

*Опција „не прави ништо“:*

*Опција Регулаторна мерка:* Има посредно позитивно влијание, со воведувањето механизам со кој пристапот до информација од јавен карактер е предвидено да биде во побрза и поефикасна постапка.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

*Опција „не прави ништо“:* може да има негативно влијание во случаи на дела против животната средина, со непостоењето механизам со кој барателите ќе можат побрзо да ја добијат информацијата за состојбата со животната средина.

Опција Регулаторна мерка: има позитивно влијание во случаи на дела против животната средина, бидејќи воведувањето механизам со кој барателите преку предложените измени за исклучително пократки рокови кои се однесуваат на општото здравје и животна средина ќе ја добијат информацијата во исклучително брз рок.

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување:*

*Опција „не прави ништо“:* Не предзивикува дополнителни трошоци за спроведување поради тоа што пристапот до информации од јавен карактер е бесплатен за барателите.

*Опција Регулаторна мерка:*

- Трошоци за обука на имателите, службените лица и одговорните лица во висина на материјалните трошоци.

*б) трошоци за почитување на регулативата:* со предложените законски решенија имателите имаат обврска да ги сносат материјалните трошоци за спроведените обуки од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предложениот закон ќе биде објавен на ЕНЕР со цел запознавање на засегнатите страни и јавноста со неговата содржина и можност за доставување на коментари и мислења кои што

ќе бидат разгледани од страна на работната група во однос на измените и дополнувањата на предлог законот.

Засегнати страни се: имателите на информации од јавен карактер, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Управен суд, Виш Управен суд, граѓанските организации, новинарите, истражувачите и пред се сите физички и правни лица.

Начин на вклучување: формирање на работната група од страна на Министерството за правда со вклучување на сите релевантни чинители кои што можат да дадат суштински придонес за подготовката на предлог законот.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

За нацрт-законот ќе се побара мислење од другите институции.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Во оваа фаза не се добиени мислења.

6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Позитивни влијанија во однос на постапувањето односно временската рамка во однос на решавањето на постапките, измени во насока на скратувањето на роковите за постапувањето по барањето од страна на имателите како и од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информции од јавен карактер, а се со цел ефикасна постапка, како и формата на доставените информации и обврската на имателите за ажурно објавување на информации.

Поодбрување на постојните законски одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во насока за полесен пристап до документи на јавните органи кои ги поседуваат документите (имателите), како и за побрза и ефикасна постапка кон барателите на тие документи.

*Социјални влијанија*

*Опцијата „не прави ништо"* има посредно негативно влијание, во однос на ефикасноста на постапката, како и неуслогласување со Конвенцијата на Совет на Европа за пристап до официјлани документи како дел од правниот поредок.

*Опцијата "регулаторна мерка"* има посредно позитивно влијание, бидејќи воведувањето механизам со кој ќе се утврдат минимални стандарди за брза и правична постапка на барањата за пристап до официјалните документи од страна на јавните органи кои ги поседуваат документите.

*Во однос на влијанијата врз животната средина опцијата „не прави ништо"* може да има посредно негативно влијание во случаи на дела против животната средина, здравјето на луѓето, бидејќи не би постоел механизам за брз пристап до информции со цел превенирање на штета по однос на истото.

*Опцијата "Регулаторна мерка"* може да има посредно позитивно влијание во случаи на дела против животната средина, бидејќи воведувањето механизам со кој се ставаат многу кратки рокови за овие барања ќе ги охрабрат барателите да поднесуваат барања за општото здравје и животната средина.

## *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*Опција „не прави ништо":* Ризици што прозлегуваат од неусогласеност со меѓународните стандарди во областа и негативните влијанија што неусогласеноста ги или може да ги предизвика неостварувањето на обврските преземени со ратификувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи

*Опција "Регулаторна мерка":* ризик при неспроведувањето на законските решенија

## *6.3 Препорачано решение со образложение*

*Регулаторна мерка:* Да се донесат измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

*Образложение:*

Предлог Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е посебен закон со кој се уредува статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и ја уредува постапката за пристапот до информации од јавен карактер.

Во објавениот закон на ЕНЕР дадено е образложение за предлог одредбите на законот.

7.Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони* – Усогласување на текстот на законот со Конвенцијата за пристап до официјални документи на Советот на Европа – Тромсо, унапредување на ефикасноста на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер како и зајакнување на одговорноста на имателите на информации од јавен карактер

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување* –предлог измените и дополнувањата на законот не имплицираат донесување на подзаконски прописи

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии како иматели на информации од јавен карактер како и Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Управен суд, Виш управен суд.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Организирање континуирана обука за имателите на информациите, службените лица како и на одговорните лица кај имателите на информациите.

8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Во годишните извештаи на имателите на информации и извештајот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информацииите од јавен карактер е надлежна за вршење надзор преку собирање, обработка и анализа на собраните податоци за предметите од областа на заштита на ова право. Следењето на спроведувањето на законот ќе се врши и со доставување на извештаи до Собранието на Република Северна Македонија, како и до меѓународните институции и организации кои бараат статистички податоци по овие предмети.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Компаративна анализа на собрани статистички податоци кои се однесуваат на: колку барања се поднесени, колку од нив се земени во работа, колку завршиле со одбивање или е ограничен пристапот до информации од јавен карактер.

Рок: По истекот на 3 години од денот на неговата примена би можело да се даде соодветна евалуација на ефектите од примената на овој закон, кои би биле релевантен показател на ефектот на примена на одредбите од законот.

**Изјава од државниот секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 09.04.2025

..........................................

потпис на државен секретар